**Известување за концентрација со која Корпорацијата ЈАГЕО, тајван ќе стекне контрола над ШИБАУРА ЕЛЕКТРОНИКС Ко., Лтд, Јапонија (предмет бр. 08-36/2025)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24), на ден 14.02.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која Корпорацијата ЈАГЕО (YAGEO Corporation), со регистрирано седиште на 3Ф, 233-1, Баокиао Роуд., област Ксиндиан., Нов Тајпеј Сити 23145, Тајван ќе стекне самостојна контрола над ШИБАУРА ЕЛЕКТРОНИКС Ко., Лтд (SHIBAURA ELECTRONICS Co., Ltd), со регистрирано седиште на 2-1-24, Камиочиаи, Чуо-ку, Саитама Сити, Саитама 338-0001, Јапонија, преку стекнување на акции.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

Корпорацијата ЈАГЕО е глобален давател на услуги за 15 решенија за електронски составни делови (компоненти), нудејќи широк избор на технологии за пасивни составни делови (компоненти) од некои од широко познатите во индустријата брендови „ЈАГЕО”. Корпорацијата ЈАГЕО е котирана на Тајванската берза (2327-TW).

Корпорацијата ЈАГЕО била присутна во Северна Македонија во 2024 година преку своето зависно друштво во целосна сопственост - Друштво за производство, трговија и услуги КЕМЕТ ЕЛЕКТРОНИКС МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, со ЕМБС 6685862, регистрирано седиште во Технолошка индустриска развојна зона бр. 1 ББ, Илинден, Северна Македонија и регистрирана приоритетна дејност: 26.11 – производство на електронски составни делови (компоненти).

ШИБАУРА ЕЛЕКТРОНИКС Ко., Лтд е глобален лидер на пазарот на термистори. ШИБАУРА ЕЛЕКТРОНИКС Ко., Лтд котира на Токиската берза и вработува повеќе од 4.800 лица и остварува приходи во износ од над JPJ 32 милијарди ширум светот. ЈАГЕО разумно претпоставува[1] дека Шибаура не било присутно во Северна Македонија во 2024 година преку регистрирано зависно друштво.

Според подносителите на известувањето како релевантен пазари за предметната концентрација би можел да се дефинира пазарот за производство и продажба на термистори со негативен температурен коефициент (НТК).

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и*

[1] Корпорацијата ЈАГЕО не е во можност да добие прецизни информации за деловните активности на ШИБАУРА ЕЛЕКТРОНИКС Ко., Лтд во Северна Македонија (или глобално) бидејќи Предложената трансакција вклучува непријателско преземање (*hostile takeover*) на акции. Следствено, Корпорацијата ЈАГЕО се потпира единствено на јавно достапните информации за Шибаура.

*Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

21.02.2025 година
Скопје